О П Ш Т И Н А   Д Е Л Ч Е В О
Градоначалник
Ул: “М.М.Брицо“ бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521     факс: 033/411 550
www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 7
01.10.2008 година

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Сектор за правни,финансиски и општи работи

Октомври,2008

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување акти од Триесеттата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

И

Да се објават во "Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево, ги донесе на својата Триесетта седница, одржана на ден 29.09.2008 година и тоа:

1. Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Делчево за 2008 година;
2.Одлука за дополнувања Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2008 година;
3.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од локалитет Милково Брдо - 2 во Делчево;
4.Нацрт-Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополна на Генерален урбанистички план делчево-Општина Делчево;
5.Одлука за престанување со работа на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево, Подрачно училиште во с. Драмче.
6. Заклучок за усвојувањ на Годишниот Извештај за работата на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2007/2008 ;
7. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2008/2009 ;
8. Заклучок за усвојување на Годишнио Извештај за работата на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2007/2008 ;
9.Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2008/2009 ;
10. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на СОУ М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2007/2008;
11 Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на СОУ "М.М.Брицо" - Делчево за учебната 2008/2009 ;
12. Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на ОЈУДГ "Весели Цветови" за учебната 2007/2008 ;
13. Заклучок за усвојување на Предлог-Процена за загрозеноста на општина Делчево од природни непогоди и др.несреќИ;
14.Заклучок за прекопување на делница од магистрален пат М-5
во с. Ѕвегор, Делчево.

ИИ

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 08-613/1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**01.10.2008 година** **НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Д е л ч е в о** **Мирко Иванов, с,р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 30.седница одржана на ден 29.09.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнување на**
**Буџетот на Општина Делчево за 2008 година**

Член 1

Се вршат измени и дополнување на Буџетот на Општина Делчево за 2008 година.

Член 2

Измените и дополнувањата на приходите по извори и видови на приходите и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно-оперативните расходи и билансот на капитални расходи и тоа како што следува:

Член 3

Измените и дополнувањата на Буџетот на ЕЛС Делчево влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево", а ќе се применува од денот на објавувањето до 31.12.2008 година.

**Број 07-599/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09.2008година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 7 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во РМ ("Службен весник на Р.М." бр. 121/2007) и член 3 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево бр. 12/2006), Советот на Општина Делчево на 30. седница одржана на 29.09.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнување на Одлуката за извршување**
**на Буџетот на Општина Делчево за 2008 година**

Член 1

Се врши измена и дополнување на членот 9 од Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2008 година број 07-1906/1 од 27.12.2007 година и истиот гласи:"

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за : избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година зголемена за 10%("Сл.весник на РМ"бр.121/2007), за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 44.11 денари,зголемена за 10% сметано од месец септември 2008 година, а за вработените без статус на државни службеници и вработените во локалните јавни установи, ќе се применува зголемување од 10% на основицата за пресметување на плата.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Делчево", а ќе се применува со исплатата на платата за месец септември 2008 година.

**Број 07-600/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09.2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 26 став 5 алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" број 24/08), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ( " Сл. весник на РМ" број 5/02), Советот на општина Делчево, на седница одржана на ден 29.09. 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Предлог –Детален урбанистички план**
**за дел од локалитет Милково Брдо – "2" во Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Предлог –Детален урбанистички план за дел од локалитет Милково Брдо –"2" во Делчево, дел од **Блок 1.3 во Урбана единица 1** од Генералниот урбанистички план на Делчево, со опфат од 10.60 ха. дефиниран со следните граници:

-југо-запад ул."Бул.Македонија" до мост на река "Габровчица",

-југо-исток од мостот на река Габровчица оди возводно по течението на Река Габровчица до к.п.број 7065,

-северо-исток оди по меѓата на к.п. број 7065 и ул."Вера Јоциќ"

-северо-запад ул."Македонска".

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Предлог- Детален урбанистички план за дел од локалитет Милково Брдо 2 во Делчево со Технички број 2378/08 и Извештај од спроведената јавна анкета број 08-508/5 од 01.09.2008 год.

Член 3

Урбанистичкиот план се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

Член 4

Урбанистичкиот план со сите негови делови се чува и спроведува во Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности на општината.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Делчево".

**Број 07 – 601/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09. 2008 год.** | **Претседател,**
**Д е л ч е в** | **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник РМ" број 24/08), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) ,Советот на општина Делчево, на седница одржана на ден 29. 09.2008 година, донесе

**НАЦРТ О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт – Измена и дополна на Генерален урбанистички план на град Делчево**
**Измена на основна сообраќајна мрежа, урбани единици и блокови**
**Урбана единица 1 Блок 1.2 Урбана единица 2 Блок 2.1,2.2 и 2.6**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува **Нацрт – Измена и дополна на Генаралeн урбанистички план за град Делчево Измена на основна сообраќајна мрежа и урбани единици и блокови: Урбана единица 1 Блок 1.2 Урбана единица 2 Блок 2.1,2.2 и 2.6.**

Урбанистичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ,Просторниот план на општина Делчево, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на Урбанистички планови за општина Делчево за 2008 год, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и измената и дополнувањето на истиот Правилник и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови.

Член 2

**Измена и дополна на Генаралeн урбанистички план за град Делчево** , **Измена на основна сообраќајна мрежа и урбани единици и блокови: Урбана единица 1 Блок 1.2 Урбана единица 2 Блок 2.1,2.2 и 2.6.** се состои од два дела и тоа **Измена на основна сообраќајна мрежа на целиот опфат на** Генералниот урбанистички план на градот Делчево со површина од 420,00 ха. и парцијална измена на намена на површини во **Урбана единица 1 Блок 1.2 со опфат од 22.75 ха и во Урбана единица 2: Блок 2.1 со опфат од 33.21 ха, Блок 2.2 со опфат од 29.29 ха и Блок 2.6. со опфат од 8.0 ха**

Член 3

Нацрт - **Измена и дополна на Генарален урбанистички план за град Делчево** , **Измена на основна сообраќајна мрежа и урбани единици и блокови: Урбана единица 1 Блок 1.2 Урбана единица 2 Блок 2.1,2.2 и 2.6.** е изработен од страна на А.Д. Урбанизм, проектирање и инженеринг "ЗУМ"-Скопје, со технички број 2378/08, со плански период од 2008 до 2018 година. и е изготвен во два дела:

А) Документациона основа

В) Планска документација

Член 4

Нацрт - **Измена и дополна на Генарален урбанистички план за град Делчево** ,содржи:

**1. Документациона основа**

**Текстуален дел:**

1. **Вовед**
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

2.1 Граница на плански опфат
2.2 Критериуми за избор на локацијата
2.3 Методолошки пристап
2.4 Цел
3. Анализа на природните вредности
3.1 Географска положба
3.2 Рељеф
3.3 Клима
3.4 Сеизмологија
3.5 Хидролошки карактеристики
3.6 Пејсаж
4. Анализа на инфраструктурна опременост
4.1 Сообраќајна поврзаност и сообраќај
4.2 Водоснабдување и евакуација на отпадни води
4.2.1 Водоснабдување
4.2.2 Фекална и атмосверска канализација
4.2.3 Електроенергетска мрежа и објекти
4.2.4 Телефонска мрежа
5. Анализа на постојните класи на намена
6. Анализа на степен на реализација на постоечкиот ГУП
7. Анализа на можностите на постојниот развој
8. Извод од ГУП-Делчево 1997-2010 год.
9. Табеларен преглед на намена по блокови

**Графички прилози: Документациона основа**

1. Извод од просторен план на РМ.П.П. на регион М=1 : 200 000
2. Извод од просторен план на РМ.П.П. на регион М=1 : 200 000

3.Извод од постоечки ГУП Делчево М=1 : 2 500

4. Извод од постоечки ГУП Делчево основна сообраќајна мрежа М=1 : 2 500

5. Ажурирана деодетска подлога М=1 : 2 500

6. Поделба по урбани единици М=1 : 2 500

7. Инвентаризација на намена на земјиште-измена М=1 : 2 500

8. Инвентаризација на инфраструктура-измена М=1 : 2 500

**2. Планска документација**

**Текстуален дел:**

1. Вовед
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3. Извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Просторен концепт
6. Билансни показатели со компаративна споредба
7. Класа на намена

7.1. Домување

7.2 Производство, дистрибуција и сервиси

7.3 Висински план

7.4 План на парцелација

7.5 План на површините за градба

7.6 Урбанистичко архитектонски услови за градба

7.7. Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

8. Економско образложение
9. Сообраќајно решение
10. Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни
11. води

11.1 . Водоснабдување

11.1.1. Дистрибутивна водоводна мрежа

11.2 . Фекална канализација

11.2.1. Отпадни фекални води од население

11.3 . Електроенергетика

11.4 . Телефонска мрежа

11.5 Одлагање и депонирање на цврст отпад

11. Мерки и заштита

11.1. Мерки и средства за заштита и санација на животна средина

11.2. Мерки за заштита од пожари на објектите

11.3. Мерки и заштита од културно историско наследство

11.4. Мерки за заштита од воени разузнувања

11.5. Заштита од природни непогоди

11.6. Плански решенија за одстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

12. Нумерички показатели
13. Општи услови за градење

**Графички прилози: Планска документација**

1. Сообраќаен план на ГУП Делчево- измена 1 : 2 500
2.Намена на земјиштето и градбите – измена 1 : 2 500
3. Сообраќаен, нивелационен и инфраструктурен план-измена 1 : 2 500

Член 5

Составен дел на оваа Одлука е Нацрт - **Измена и дополна на Генарален урбанистички план за град Делчево , Измена на основна сообраќајна мрежа и урбани единици и блокови: Урбана единица 1 Блок 1.2 Урбана единица 2 Блок 2.1,2.2 и 2.6.**

Член 6

Урбанистичкиот план се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

Член 7

Советот на општината во рок од 30 дена од завршувањето на целокупната законска постапка за донесување на Урбанистичкиот план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

Член 8

Урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности на општината.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Делчево".

**Број 07 – 602/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 09. 2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование ('Сл.весник на РМ' бр.103/2008), а согласно Мислењето од Министерството за образование и наука бр.10-1285/2 од 04.07.2008 година, Советот на ОпШтина Делчево на својата 30.седница, одржана на ден 29.09. 2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за престанување со работа на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево**
**Подрачно училиШте во с. Драмче**

Член 1

Со оваа одлука престанува со работа ОУ "Ванчо Прке"-Делчево, Подрачно училиШте во с. Драмче поради драстично намалениот број на ученици.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на ОпШтина Делчево".

**Број 07-603/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09.2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работата на ОУ "Ванчо Прке"**
**за учебната 2007/2008 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работата на ОУ "Ванчо Прке" за учебната 2007/2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-604/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09. 2008 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма**
**за работата на ОУ "Ванчо Прке"**
**за учебната 2008/2009 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работата на ОУ "Ванчо Прке" за учебната 2008/2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-605/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09. 2008 год.** — **Претседател**
**Делчево** — **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работата на ОУ "Св.Климент Охридски"**
**за учебната 2007/2008 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работата на ОУ "Св Климент Охридски" за учебната 2007/2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

Број 07-606/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.09. 2008 год. | Претседател
Делчево | Кирчо Иванов, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма**
**за работата на ОУ "Св.Климент Охридски"**
**за учебната 2008/2009 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работата на ОУ "Св.Климент Охридски" за учебната 2008/2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07- 607/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09.2008 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работата на СОУ "М.М.Брицо"**
**за учебната 2007/2008 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работата на СОУ "М.М.Брицо" за учебната 2007-2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07- 608/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09. 2008 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма**
**за работата на СОУ "М.М.Брицо"**
**за учебната 2008/2009 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работата на СОУ "М.М.Брицо" за учебната 2008/2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-609/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09. 2008 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот**
**за работата на ОЈУДГ " Весели цветови"**
**за учебната 2007/2008 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работата на ОЈУДГ "Весели Цветови" за учебната 2007-2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07- 610/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09.2008 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 30.седница одржана на 29.09.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Предлог-Процената**
**за загрозеност на општината Делчево**
**од природни непогоди и други несреќи**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на Предлог-Процената за загрозеност на општината Делчево од природни непогоди и други несреќи

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-611/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09.2008 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 40 став 4 од Законот за јавни патиШтан а РМ ("Сл.весник на РМ" бр. 84/2008), Советот на ОпШтина Делчево, на својата 30.седница, одржана на ден 29.09.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за прекопување на делница од магистралниот пат М-5**
**во с. Ѕвегор-Делчево**

Член 1

Се дава согласност за прекопување на делница од магистралниот пат М-5 во близина на Подрачното основно училиШте во с. Ѕвегор-Делчево за приклучување на канализациската мрежа на колекторскиот систем.

Член 2

По заврШувањето на градежните работи изведувачот е должен да го врати патот во првобитна состојба.

Член 3

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на ОпШтина Делчево".

**Број 07-612/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.09.2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**